РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-353/4
29.07 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-353/1 од 24.06.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, застапувано од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје против [redacted]. [redacted] Градско заради вознемирувачки говор преку социјални мрежи врз основ на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација брз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 29.07.2022 година го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] Скопје, застапувано од [redacted] од Скопје, преку полномошник [redacted] од Скопје против [redacted], Градско заради вознемирувачки говор преку социјални мрежи врз основ на етничка припадност, **поради неуредност**.

## Образложение

На 24.06.2022 година, пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка од [redacted] Скопје, застапувано од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје против [redacted] с. Подлес, Градско заради вознемирувачки говор преку социјални мрежи врз основ на етничка припадност.

Во формуларот, подносителот при наведувањето на задолжителните податоци за лицето против кого ја поднесува претставката наведува само име и презиме на сторителот како и неговата професија: [redacted] а како адреса наведува [redacted] Градско. При тоа, подносителот го нотира следново:

*„Не знаеме поточна адреса затоа истата да биде прибавена по службена должност согласно член 31 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Комисијата и МВР."*

Согласно горенаведеното, согласно член 21 став 1 од Комисијата утврди дека претставката не ги содржи потребните елементи пропишани со Законот, односно не постои точна адреса на **потенцијалниот дискриминатор.**

Затоа, на 30.06.2022 година, согласно член 24 став 2 од Законот, Комисијата испрати до подносителот Барање за доуредување на претставката бр.08-353/2, во законски предвидениот рок кој изнесува 8 дена од денот на приемот на дописот.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Бидејќи во овој рок подносителот не достави адреса на лицето против кого ја достави претставката за заштита од дискриминација, односно вознемирувачки говор извршен преку социјални мрежи врз етничка припадност, Комисијата одлучи како во диспозитивот, односно ја отфрли претставката како неуредна.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Член на Комисијата
Игор Јадровски